Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 21.07.2019

На 21.07.2019 околу 00.05 часот во атар на с.Радибуш, општина Ранковце, полициски службеници запреле патничко возило „Ауди 4"со скопски регистарски ознаки, сопственост на Ф.И., а управувано од М.К.(26) од Скопје, а како сопатници биле Е.Л.(32) од Скопје и К.Т.(21) од Скопје. При преглед на возилото биле пронајдени и одземени пиштол „GAP" калибар 9мм, пет куршуми и една рамка за пиштол, за кои немале никакви документи. По наредба наЈавен обвинител, одземено било и возилото. Лицата биле приведени во Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д.Х.(24) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 13.12.2018 година во Велес

полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана, кокаин и метадон.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.Ј.(61) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,фалсификување исправа" и „злоупотреба на службена должност и овластување" и против В.Ј.(39) и С.К.(48), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело кривично дело „злоупотреба на службена должност и овластување". Во 2016, првопријавениот, во својство на управител на правно лице од Скопје, како увозник и сопственик на возило „Форд Ренџер", за кое знаел дека не ги исполнува пропишаните услови и стандарди, односно не може да се регистрира и управува на територијата на РС Македонија, по извршена царинска постапка и добиена царинска декларација на име на правното лице, со непознато лице договорил изработка на странски договор за купопродажба на возилото со невистинита содржина, преку внесување на податоци за лице купувач кој е повратник од странство, како и да поднесе барање до Бирото за метрологија за отварање на постапка за идентификација на возилото, при што тој на непознатото лицето му дал примерок од странската фактура, странската сообраќајна дозвола на име државјанин на Холандија и времена странска сообраќајна дозвола на име на лице од Скопје. По ова, лицето, обезбедило потврда од управните служби во Ресен на име лице од Ресен, во кое е наведено дека е повратник од странство, по што изработил невистинита фактура во која биле внесени невистинити податоци за продавач на возилото како правно лице од Холандија, додека како купувач било лицето од Ресен. После тоа, ваквата документација лицето ја доставило во прилог до Бирото за метрологија, кое издало потврда за отварање на постапка за идентификација. По ова, првопријавениот, во име на правното лице од Скопје, ја приложил до правно лице заради спроведување на постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото, а В.Ј., во својство на вработен како технички испитувач и овластен потписник на документите за одобрување на регистрација за возила, ја спровел постапката за идентификација на возилото, без да ја утврди фактичката состојба и издал согласност за регистрација на возилото. На крај од целата постапка, пријавениот С.К., во својство на референт во Управни работи, издал регистарски таблички и возилото било пуштено во правниот промет и сообраќај на територијата на РС Македонија.

На 20.07.2019 во 12.26 часот во Полициската станица Ѓорче Петров било пријавено дека околу 12.05 часот во с.Кучково, М.Р.(74) од Скопје, додека вршел градежни работи во неговата семејна куќа(влечел котур со кабел), паднал и починал. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт како последица од струен удар. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот било предадено на семејството.

На 20.07.2019 во Полициската станица Центар, Б.Б.(40) од Скопје пријавил дека на Плоштад „Македонија" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

На 20.07.2019 во 21.46 часот во Полициската станица Центар, Д.С.(30) од Скопје пријавил дека на ул.„Кеј 13-ти Ноември" бил каснат од куче скитник на десната потколеница.

На 21.07.2019 во 00.10 часот на автопатот Неготино-Демир Капија, Е.Ш.(41) од Кавадарци, управувајќи патничко возило „Мерцедес 400ЦДИ" со кавадаречки регистарски ознаки излетал од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Д.М.(70) од Кавадарци и бил пренесен во болницата во Кавадарци. Е.Ш. се здобила со телесни повреди. Увид на местото извршила увидна екипа од Полициската станица Неготино.

На 21.07.2019 во 02.20 часот на бул.„Словенија" во Скопје, Д.Н.(52) од Скопје, управувајќи патничко возило „Фолксваген Голф" со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле возачот Д.Н. и сопатниците М.Д.(48) од Скопје и Н.С.(33) од Скопје, додека со телесни повреди се здобила сопатничката Љ.Д.(46) од Скопје. Повредените биле пренесени во Градската општа болница „8-ми Септември". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 20.07.2019 во 16.00 часот во СВР Велес, од Казнено-поправната установа Идризово-Отворено одделение Велес, било пријавено дека околу 11.20 часот, додека вршеле работни задачи, осуденикот Д.М.(38) од с.Бузалково, управувајќи трактор во нас.Превалец-Велес, изгубил контрола и тракторот се излизгал наназад при што му нанел тешки телесни повреди на осуденикот К.Г.(52) од Гевгелија. К.Г. бил пренесен во болницата во Велес. Увид на местото извршила екипа од СВР Велес.

На 21.07.2019 во 01.10 часот на магистралниот пат Струмица-Радовиш, на делницата за Струмица до Василевска раскрсница, Ј.Ц.(33) од с.Ораовица, радовишко, управувајќи патничко возило „Опел зафира" со радовишки регистарски ознаки, удрил во патничко возило „Фолксваген голф" со штипски регистарски ознаки, управувано од Р.Р.(40) од Радовиш, по што излетал надвор од коловозот. Ј.Ц. починал на местото на настанот, а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Увид извршиле Јавен обвинител и екипа СВР Струмица.

На 21.07.2019 во 01.00 часот на Регионалниот пат Кочани - Зрновци, се случила сообраќајна незгода меѓу патничко возило „БМВ" со кочански регистарски ознаки, управувано од Б.М.(20) од с.Тркање и мотоцикл без регистарски ознаки, управуван од К.Г.(26) од Зрновци, кои потоа удриле во паркирано патничко возило „Фиат Браво" со кочански регистарски ознаки, сопственост на Ф.М.(21) од Зрновци. Во незгодата со телесни повреди се здобиле возачот на возилото „БМВ" и сопатничката М.А., а со повреди се здобиле и возачот на мотоциклот и сопатничката Т.З. од Зрновци. Увид извршила екипа од Полициската станица Кочани.

На 20.07.2019 во 16.30 часот на велосипедската патека од ул.„534" во с.Марино, скопско, Р.М.(63) од с.Марино управувајќи велосипед, удрил во бетонски столб и паднал. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил Р.М. и бил пренесен во комплексот клиники „Мајка Тереза" – Скопје. Извршен бил увид.

На 21.07.2019 околу 02.00 часот во Полициската станица Драчево било пријавено дека на железничката станица Драчево настанал пожар на стари железнички прагови кои биле извадени од пругата и биле оставени покрај неа. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Железничкиот сообраќај не бил во прекин.

На 20.07.2019 било пријавено дека 15-тина лица делат шишиња вода и пропаганден материјал на политичка партија на наплатната рампа Глумово, на автопатот Скопје-Тетово и го попречувале нормалното одвивање на сообраќајот. Полициски службеници излегле на местото на настанот. 11 лица се легитимирани и предупредени, а три лица се приведени во полициска станица бидејќи не сакале да се идентификуваат и ги омаловажувале полициските службеници. По утврдување на идентитетот тие се пуштени, а поднесени им се прекршочни пријави.

На 21.07.2019 во 05.30 часот во Полициската станица Прилеп бил приведен С.Р.(22) од Прилеп поради тоа што се однесуувал агресивно и навредувал полициски службеници кои вршеле службена дејност во угостителски објект во Прилеп. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.07.2019 во 06.30 часот во Полициската станица Центар, И.С.(43) од Скопје пријавил дека истиот ден 05.30 часот на бул.„Илинден" бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.07.2019 во 12.00 часот во Полициската станица Карпош, Л.В.(77) од Скопје пријавил дека на ул.„Јуриј Гагарин" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

На 20.07.2019 во 21.00 часот во СВР Велес, А.Ц.(35) од Велес пријавил дека на улица „А.Шурков" бил каснат од куче скитник за десната потколеница.

На 20.07.2019 во 21.20 часот во Полициската станица Аеродром, Н.В.(36) од Скопје пријавила дека по семејна расправија, од домот се оддалечил нејзиниот малолетен син. Претходно, тој неколку пати се оддалечувал од домот поради семејни расправии и бил враќан од полицијата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 20.07.2019 после 22.00 часот полициски службеници го привеле лицето Б.И.(28) од с.Синѓелиќ, скопско, поради тоа што претходно со уште едно лице извршиле разбојништво во казино во Скопје. При приведувањето, кај него бил пронајден пиштол и пари кои биле одземени од казиното. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.07.2019 во 09.34 часот во СВР Скопје било пријавено дека едно лице извршило разбојништво во спортска обложувалница на ул.„Анастас Митрев" во Скопје и одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.07.2019 во 20.10 час во Полициската станица Чаир, З,Д,(49) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината ќерка С.Д.(27), која е со психички проблеми. Таа неколку пати досега се оддалечувала од домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)